## Мониторинг на односите со јавноста на извршната власт:

## ВЛАДАТА ИНФОРМИРА ИЛИ ПРОПАГИРА?

# ИЗВЕШТАЈ БР. 2

# ВЛАДИНАТА КОМУНИКАЦИЈА ВО СЛУЧАЈОТ „МАКЕДОНСКА БАНКА“



**СКОПЈЕ, јуни 2014**

НВО ИНФОЦЕНТАР

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

## С О Д Р Ж И Н А

**Вовед** 3

**Обелоденување на случајот „Македонска банка“** 3

**Владин молк – партиска егзекуција** 5

**Пожртвуван премиер – недокквакана опозиција** 6

**Медиумите – владин пропаганден балон** 7

**ПРИЛОГ** 9

Пресек на известувањето на традиционалните медиуми за случајот „Македонска банка“ 9

1.Телевизии 9

2. Дневни весници и неделници 11

## Вовед

НВО Инфоцентарот спроведува мониторинг на односите со јавноста на Владата и на владините претставници, со цел да утврди дали извршната власт вистинито и навремено ја информира јавноста за спроведувањето на јавните политики, за своите активности, за постигнатите резултати, за постојните проблеми, како и да утврди какви пораки упатува Владата до македонските граѓани.

Овој втор извештај се однесува на таканаречениот случај „Македонска банка", во кој првиот човек на Владата и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, директно беше обвинет од опозициската СДСМ за наводни незаконски и коруптивни активности поврзани со продажбата на Македонска банка. Овој случај има врвно политичко и општествено значење, и ѕе наметна како главен фокус на мониторингот и клучна тема од интерес на јавноста. Предмет на анализа беа официјалните соопштенија, изјави, интервјуа и други реакции на Владата, Премиерот, владините претставници, владејачката партија (ВМРО-ДПМНЕ), а едновремено, беа анализирани и новинарските прилози објавени во медиумите во врска со овој случај.

Со овој мониторинг беа опфатени владините и партиските комуникации во периодот од 16 април до 2 мај 2014 година, интервјуто на премиерот Груевски за државната информативна агенција МИА, објавено на 3 јуни 2014 година, како информирањето на медиумите за случајот, во периодот од 16 април до 2 мај 2014.

Основната цел на мониторингот беше да се следат и да се анализираат владините комуникации поврзани со случајот Македонска банка, како и улогата на медиумите во владините односи со јавноста и пораките кои таа ги упатува кон јавноста.

## Обелоденување на случајот „Македонска банка"

Претседателот на СДСМ, Зоран Заев, на 16 април 2014 година, за време на кампањата за претседателските и вонредните парламентарни избори, објави аудио-снимки од наводни телефонски разговори на премиерот и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, за продажба на „Македонска банка АД Скопје"[1] и исплата на кеш во висина од 1,5 милиони евра. Според претседателот на СДСМ, снимката била доставена до партијата од анонимен граѓанин

Заев, на прес-конференција[2], наведува дека снимката фрла сериозни сомневања дека Груевски му ја продал „Македонска банка АД Скопје" на српскиот бизнисмен Јовица Стефановиќ - Нини, преку четири офшор и две домашни компании, кои официјално поседувале 51 процент од акциите во банката. Тој јавно праша дали премиерот за продажбата примил во кеш и дополнителна сума од 1,5 милиони евра. Како доказ за овие сомнежи, Заев објави аудио снимка на разговори во кои се

[1] DW, „Заев објави аудиоснимки од договарањето на продажбата на „Македонска банка", 17.04.2014.

[2] SDSMtube, 16.04. 2014, „Груевски еве докази за милионскиот кеш, ќе признаеш или да...", https://www.youtube.com/watch?v=gzLP20Z8xPc .

договара наводниот поткуп. Според Заев еден од гласовите на снимката е и гласот на Никола Груевски.

Владејачката ВМРО-ДПМНЕ, во текот на истиот ден, преку соопштение, целосно ги негираше обвинувањата на опозицијата истакнувајќи дека „нејзиниот претседател никогаш и од никого не зел какви било пари и дека станува збор за монтажа и лага“[3]. ВМРО-ДПМНЕ најави дека Груевски ќе поднесе тужба против Заев за навреда и клевета, како и дека објавената аудио снимка е „*класична монтажа за нешто што во најголем дел не ни наликува на гласот на Никола Груевски*“[4]. На 22 април, СДСМ поднесе кривична пријава против Премиерот, по што, од владејачката партија ги повторија најавите за тужба за клевета и навреда[5]. Во деновите по 16 април, опозициската СДСМ, на неколку прес-конференции објави дополнителни информации и докази за други наводни коруптивни случаи на функционерите од власта. Во тој период беше обелоденет и случајот „Загорац“, односно СДСМ објави дека Загорац Тумбовски во 2003 година, во партијата ВМРО-ДПМНЕ дал поголема сума евра во кеш, а за возврат добил потврда каса-прими, наводно потпишана од актуелната министерка за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска. Тумбовски во изјава за медиумите ги потврди изнесените наводи, а Јанкуловска ги негираше обвинувањата и најави тужба против портпаролот на СДСМ[6].

Во овој период се огласи и канцеларијата на адвокатот на премиерот Груевски, која ја најави тужбата за клевета против Заев. Потоа приватната тужба со која Премиерот бара отштета од половина милион евра беше доставена, процесирана и првото рочиште беше закажано за 19 јуни 2014 година.

Иако новинарите инсистираа да каже што е преземено во предистражните дејствија за Македонска банка, јавниот обвинител Марко Зврлевски, неколку дена по обелоденувањето на случајот, не соопшти никакви информации. И два месеца потоа, јавниот обвинител не објави никакви конкретни информации за тоа дали и што ќе преземе јавното обвинителство во врска со овој случај. Единствено, откако приватната тужба на Груевски за клевета беше доставена, Зврлевски, повторно на барање на новинарите, кусо изјави дека тужбата не може да влијае врз постапката на јавното обвинителство.

Премиерот Груевски, пак, сè до 3 јуни 2014 година, односно сè до интервјуто за МИА, не излезе во јавноста со ниту една изјава која би била директно поврзана со случајот Македонска банка[7].

---

[3] „Ниту ја купувал, ниту ја продавал Македонска Банка, стоеше во реакцијата на ВМРО ДПМНЕ“, 17.04.2014.

[4] http://vmro-dpmne.org.mk/?p=23355

[5] Телеграф, „СДСМ со пријава против Груевски, од ВМРО-ДПМНЕ најавија тужба за Заев“, 22.04.2014, достапно на http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/138987-sdsm-so-prijava-protiv-gruevski-od-vmro-dpmne-najavija-tuzba-protiv-zaev

[6] 24 Вести, „Јанкуловска ги отфрла како клевета изјавите на Тумбовски“, 24.04.2014.

[7] Темата беше индиректно спомнувана во неколку говори на партиските митинзи во текот на кампањата за изборите 2014.

## Владин молк – партиска егзекуција

Анализата на соопштенијата, реакциите, интервјуата и содржините објавени во медиумите, а креирани во Владата и владејачката партија, и овој пат, недвосмислено покажуваат дека комуникацијата на власта со јавноста не е во насока на отворено информирање на граѓаните, туку е исклучиво во насока на убедување на граѓаните дека владата, а особено премиерот се успешни и безгрешни односно еден вид „тефлон“ власт за која не се лепи ниту еден, неуспех, скандал или афера.

Иако Македонска банка е прв случај за наводна корупција кој директно се поврзува со името на премиерот, Владата и нејзиниот прв човек, се однесуваат како да станува збор за неважен случај кој може и треба да биде решен единствено преку приватна тужба за навреда и клевета. Ваквиот контекст дополнително го засилува молкот на јавното обвинителство и јавниот обвинител, кои два месеца по обелоденувањето на случајот, уште не се изјасниле, дали и какви дејствија ќе преземат во врска со Македонска банка.

Како и со претходните скандали обелоденети од опозицијата, така и со овој случај, сосема е јасно дека стратегијата на Владата и на премиерот е тој да се одвои од извршната власт и да се префрли главно на теренот на меѓупартиските битки односно да се деинституционализира и да се префрли во рингот на т.н. партиски препукувања. Со други зборови, ликот и делото односно чесноста и пожртвуваноста на премиерот не смеат во никој случај да бидат оцрнети и доведени под некаков сомнеж, особено од морална и професионална гледна точка. Тој е моралната и етичката вертикала која мора да се зачува недопрена и неосквернавена по секоја цена.

Затоа, наместо во јавноста да реагира и да дава изјави лично премиерот, како главен актер во случајот, реагира комуникацискиот центар на ВМРО-ДПМНЕ. Начинот на кој се одвиваат реакциите е според добро познатата техника „нападот е најдобра одбрана“. Единствената цел на партиските соопштенија и реакции е да ги оцрнат и омаловажат СДСМ и неговото раководство, но и да ги обвинат за корупција и криминал *(„Зачудени сме како човекот аболициран за криминал од над 8 милиони евра и човекот кој делел огромни тендери на својот татко, чичко, братучеди, снаи, тетки се осмелува по секого да фрла со кал, да лаже и да измислува. Заев не може да разбере дека не се сите како него.“* - соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, 16.04.2014)[8].

Со ваков тип на пропаганда, власта покажа дека сака комплетно да ги дисквалификува кредибилитетот и веродостојноста на опозицијата, и со тоа во јавноста, целосно да го минимизира односно елиминира скандалот како фиктивен, лажен, апсолутно неважен и незначаен.

Она што загрижува е фактот дека ваква сериозна тема се сведе на меѓупартиски судир, додека институциите наместо да ја преземат својата законска и професионална обврска останаа неми и во суштина подредени на политичката борба на партиите.

[8]http://vmro-dpmne.org.mk/?p=23323

## Пожртвуван премиер – недокваканa опозиција

Дури по седум недели, откако е веќе поднесена приватната тужба за клевета и е закажано првото судско рочиште, премиерот Груевски, за прв пат лично се огласи во врска со случајот Македонска банка. Тој тоа го направи на 3 јуни 2014 година, во интервју за државната агенција МИА.[9]

На конкретното прашање за коментар околу неговата вмешаност во овој случај, премиерот, одговори со предолг вовед кој го искористи за напад на опозицијата со различни дисквалификации (*„...Проблемот е дека нивните идеи и проекти се слаби, а многу од нив недоквакани, набрзина подготвени ... Многу ветуваа и не исполнуваа...“)*. Едновремено, Груевски во воведот долго и широко ги елаборира и анализира, според него, изборните сценарија на опозицијата („*Во една таква ситуација кога се соочија со тежок пораз, а претходно ги искористија сите можни адути, ја загубија самодовербата дека во чесен натпревар можат да не победат освојувајќи ја довербата од мнозинството граѓани, дојде до брза и непромислена промена на стратегијата која ги втурна во уште поголем пораз за што јас јавно предупредував во говорите на митинзите во вториот круг“*).

Основната идеја на ваквиот долг вовед е да креира контекст во кој на, според него, „поразената, недокваканата, безидејната, несигурната, очајната и некапацитетната“, опозиција не ѝ преостанува ништо друго освен да креира и монтира лажни афери и скандали.

Во вака креираниот контекст и логика, Груевски смета дека е доволно во две реченици да одговори на обвинувањата за корупција: „*Јас никогаш не сум земал еден и пол милион евра кеш, ниту на кој било друг начин, ниту пак. помала или поголема сума за продажбата на Македонска банка. Од тука сите други обвинувања кои произлегуваат од тоа се невистинити.“*

Веќе во следниот пасус, премиерот најавува разврска на случајот, но притоа не мисли на јавното обвинителство, туку, на судска разврска на неговата приватна тужба за клевета против Заев. Во истата реченица во која зборува за разврска на „*валканата манипулација*“, Груевски не дава дополнителни факти и аргументи, туку, поминува во директен напад на опозицискиот лидер: „...*човекот кој видовме како во минатото се заборавил во делење тендери и јавни пари на сите роднини и партиски функционери, и кој пред 5 години се согласи за спас од обвинение за криминал тежок 8 милиони евра преку аболиција од неговиот ментор, тој истиот ќе треба да се соочи со вистината кога ќе треба да докаже дека јас сум ги земал тие еден и пол милион евра пред повеќе од 10 години за кои тој ме клевети.“*.

Во натамошниот одговор на прашањето за Македонска банка, премиерот го засилува атакот врз опозицијата и критичките медиуми обвинувајќи ги дека упорно ја „*експонираат темата“* во јавноста и дека нивните постапки ѝ штетат на државата.

Популизмот и манихејската логика на Груевски одат до таму што од неговото интервју се добива впечаток дека секој акт на опозицијата е штетен за државата, а најмногу за народот кој гласа за него и со тоа покажува зрелост. На обвинувањата на

[9] http://vlada.mk/node/8933

негова адреса одговара со обвинувања и ад хоминем напади врз опозицијата и Заев, користејќи примери за нивната наводна нечесност, некапацитетност и штетност за државата. Груевски дури и ја обвинува опозицијата дека заради нејзиното непризнавање на изборите, на Македонија може да ѝ биде одземена препораката за преговори со Европската унија. Основната лајтмотив тема на премиерот е дека за сè е виновна опозицијата, а дека олицетворение на доброто, трудољубивото, пожртвуваното и заштитничкото се - тој и неговата партија.

Концептот на целото интервју во кое Премиерот за прв пат директно одговара на обвинувањата за Македонска банка, нема за цел од него да добие одговори на важни прашања, туку да му овозможи во популистички стил да ја промовира својата слика за безгрешност, чесност и пожртвуваност наспроти „*непријателот на народот*“ претставен во ликот и делото на опозицијата и нејзиниот лидер.

Тајмингот во кој е објавено интервјуто, начинот на кој се одвива самиот разговор, како и одговорот на прашањето за случајот Македонска банка, од комуникациска гледна точка, асоцира на режисер кој веќе ја поставил сцената, ги распоредил улогите, го знае исходот и само ја чека премиерата и аплаузот од народот на отворена сцена.

## Медиумите – владин пропаганден балон

Анализата на начинот на кој информираа медиумите за случајот Македонска банка, јасно и прецизно покажува дека поголемиот дел од медиумите не беа само пасивен инструмент во рацете на власта, туку беа и директни учесници во нејзината пропагандна комуникација со јавноста.

Провладините медиуми, наместо да ја информираат јавноста за случувањата околу Македонска банка, се трудеа што е можно подоследно да ја спроведат владината стратегија на минимизирање на случајот и предимензионирање на критиките на адреса на опозицијата.

Целта на власта и на нејзините медиуми беше информациите за случајот воопшто да не стигнат до граѓаните или пак, да стигнат во строго контролирана форма која нема штетно да влијае врз угледот и рејтингот на премиерот, владата и партијата на власт.

Дел од провладините медиуми дури и не ги објавуваа реакциите на ВМРО-ДПМНЕ за да не предизвикаат каков било интерес кај граѓаните за евентуално преслушување на аудио снимките објавени од опозицијата. Во таа смисла, на пример, Сител и Алфа речиси комплетно го игнорираа случајот, Канал 5 првите информации во корист на власта ги објави дури една недела по обелоденувањето на случајот, а јавниот сервис МРТ1 информациите наместо во вестите на денот, ги емитуваше во изборната хроника.

Во првите неколку денови по објавување на случајот Македонска банка, трите весници на МПМ, Дневник, Вест и Утрински весник, не објавија никакви информации за овој случај. Првите написи на овие весници уследија по прес-конференциите на

ВМРО-ДПМНЕ на оваа тема. На иста линија беше и дневниот весник Вечер кој воопшто не известуваше за случајот.

Провладините медиумите комбинираа разни техники на блокирање на информациите, внимателно филтрирање на она што се објавува, премолчување на настаните и нивно дефокусирање со други теми, ад хоминем напади и критики врз опозицијата, сè со цел да ја реализираат владината стратегија за маргинализација на случајот и на неговата општествена важност.

## ПРИЛОГ

### Пресек на известувањето на традиционалните медиуми за случајот „Македонска банка“

#### 1.Телевизии

Најголемиот дел од телевизиите главно го игнорираа овој настан, или пак, за нив известуваа преку пренесување на изјавите на партиите или на говорите на кандидатите на митинзите. Помал дел од нив редовно ги следеа и покриваа настаните и прес- конференциите на најголемата опозициска партија. Кај овие медиуми, исто така, беше одделен медиумски простор и за реакции на општата и стручната јавност, а беа организирани и неколку дебати на оваа тема.

За прес-конференцијата на СДСМ, на 16 април, кога беше обелоденет случајот, информираа Телма, 24 Вести, Алсат-М и МРТ1.

> *„Никола Груевски зел милион и петстотини илјади евра во кеш од продажбата на Македонска банка на контроверзниот српски бизнисмен Јовица Стефановиќ, обвини лидерот на опозициската СДСМ Зоран Заев. Вкупната сума која Нини ја платил за банката била 2,4 милиони евра. Од нив 900.000 евра биле исплатени за купување на 51 процент од акции во банката од 6 фирми, кои според Заев биле под контрола на Груевски – 4 странски и две домашни.*
>
> *Инаку, Македонска банка отиде во ликвидација во 2007 година, а од СДСМ прашуваат дали станува збор за обид на прикривање на криминал. Заев го повика Груевски лично да одговори за овој слулај, во спротивно најави дека ќе продолжат со откривање на нови детали од аферата.“* (24 Вести, 16.04.2014)

> *„Господине Груевски, ќе признаеш ти, лично, за милионскиот кеш примен на црно, за кој нема данок, или да продолжиме со документите? - порача Заев. -Никола Груевски лично ја продал „Македонска банка“ тврди лидерот на опозицијата*. “ (Телма, 16.04.2014)

Во информирањето на **Телма** и **24 Вести**, за овој настан, преку директни цитати или парафрази, главниот акцент беше ставен на пораките на претседателот на СДСМ. Во прилозите на Телма забележителен беше акцентот врз афективните делови од настапите на Заев во кои тој директно се обраќаше до претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Во прилозите на овие телевизиски куќи беа објавени и информации за случајот Македонска банка, во периодот на нејзината продажба и затворање во 2007 година, како и за контроверзниот српски бизнисмен, Јовица Стефановиќ-Нини, кој е осуден за низа криминални дејствија.

**АлсатМ** редовно го следеше и покриваше овој случај со претежно неутрален тон. Во прилозите на Алсат-М беше регистрирано присуство на сите засегнати страни: опозиција, власт, надлежните институции:

> *„СДСМ го обвинува премиерот Никола Груевски дека добил милион и пол евра во кеш од приватизацијата на Македонка банка и тоа од човекот познат како газда Нини. Тужбата пак, поднесена од страна на Транспаренси*

*интернешнал ја обвинува министерката за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, за нелегално земање пари од поранешниот член на ВМРО-ДПМНЕ Загорац Тумбовски, како донација за ВМРО во вредност од 500 илјади евра. Тумбовски тврди дека поседува и аудио-снимки.* “ (02.05.2014

Од друга страна, јавниот радиодифузен сервис, Сител, Канал 5 и Алфа, на различни начини се обидуваа да го маргинализираат овој случај, и во нивните прилози доминираа ставовите и интерпретациите на претставниците на владејачката партија. Исто така, дел од нив користеа различни техники на одвлекување на вниманието на јавноста од овој случај, или пак, користеа лични напади врз оние кои ги изнесуваа основаните сомнежи за владините функционери, пред сè врз претседателот и врз гласноговорникот на СДСМ.

**МРТ1**, опозициските прес-конференции ги емитуваше во изборната хроника. Преместувањето на овој настан од главните вести на денот во изборната хроника недвосмислено ја покажува целта на уредувачката политика да го маргинализира случајот и да му ја одземе важноста.

Во прилог на ова говори и времетраењето на прилозите кои се однесуваа на овие настани, а кои во првите три дена, во просек, не беа подолги од педесетина секунди[10]. МРТ1 најголема минутажа за овој случај оддели на 22 април кога за прес-конференцијата на СДСМ објави прилог во должина од 1 минута и 36 секунди. Она што треба да се истакне е и фактот дека МРТ1 не ја емитуваше аудио снимката која опозицијата ја објави како крунски доказ за нејзините обвинувања на адреса на премиерот.

Третиот показател за маргинализирањето на овој медиумски настан од страна на јавниот сервис е тоа што овие прилози не беа објавени на интернет-страницата на МРТ, и не можат да бидат пронајдени во веб-архивата на вести на МРТ1. Со ваквото информирање за случајот Македонска банка, МРТ1 наместо да биде сервис на граѓаните, ја играше улогата на медиумски сервис на власта и штитење на нејзините политички интереси, наспроти интересите на јавноста за неутрално и професионално известување.

**Сител**, пак, ги игнорираше прес-конференциите на опозицијата и речиси воопшто не информираше за овој случај. Така на пример, наместо да ја пренесе изјавата на јавниот обвинител за случајот дадена за време на отворањето на канцеларијата за односи со јавноста на Јавното обвинителство, оваа телевизија, информираше само за свечениот настан[11]. За Сител, во овој период, водечка тема беа изборите, а нивната критика главно беше насочена кон опозицијата и нејзината одлука да не ги признае изборните резултати. Овој критички однос беше особено интензивно насочен кон претседателот на СДСМ Зоран Заев[12], за кого овој медиум се обидуваше да изгради

[10] 15.04.2014, 52 секунди (најава за откривање на аферата), 16.04.2014, 54 секунди, 17.04.2014, 47 секунди.

[11] Сител, „Јавното обвинителство ќе претстави канцеларија за односи со јавноста“, 02.05.2014, достапно и на http://sitel.com.mk/mk/javnoto-obvinitelstvo-kje-pretstavi-kancelarija-za-odnosi-so-javnosta

[12] Сител, „Заев изгубен во просторот и времето- бомбаш самоубиец“, 27.04.2014: *„Лидерот на СДСМ Зоран Заев е изгубен во просторот и во времето. Во своето тонење сака да ја влече и Македонија надолу. Ваков е ставот на експертската јавност и аналитичарите откако првиот човек на СДСМ излезе на прес-конференција со став дека СДСМ не го признава изборниот процес и испрати барање за формирање на техничка влада. Според познавачите, ова претставува уникатен пример на барање на избори на Денот на изборите, чекор со кој СДСМ оди подоле и од дното, политичко слепило и општо партиско слепило...“.*

имиџ на непресметливо и деструктивно лице („*Заев изгубен во просторот и времето- бомбаш самоубиец“,* 27.04.2014). На ваков начин, Сител се обидуваше да ги обезвредни јавните настапи на лидерот на опозицијата и со тоа индиректно да ги оспори тврдењата на опозицијата за корупција кај првиот човек на Владата.

Телевизија **Алфа**, слично како телевизија Сител, речиси воопшто не ја покриваше оваа тема.

**Канал 5**, пак, за прв пат одвои простор за случајот Македонска банка, една недела по неговото објавување односно на 22 април, кога информираше од прес-конференцијата на владејачката партија:

> *„Со фалсификуван документ на кој стои печат чија важност престанала да постои во 2004-тата година и со лице на кое во 2013-та година, Врховниот суд со конечна одлука му изрекува единствена казна затвор од 6 години за фалсификување документи, перење пари и даночно затајување, Зоран Заев бара оправдување за лагите и конструкциите против претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, за земање кеш во износ од еден и пол милиони евра про продажбата на Македонска банка. Информирајќи за ова Илија Димовски од ВМРО-ДПМНЕ извести дека Груевски поднел тужба против Заев за утврдување граѓанска одговорност за клевета и навреда.“*(22.04.2014)

Во информирањето на Канал 5 за случајот Македонска банка доминираа ставовите на власта, главно пренесувани преку нивните изјави, без каква било новинарска интервенција. Опозицијата воопшто и ја немаше. Со ваквиот начин на информирање Канал 5 само им се приклучи на провладините медиуми кои се директно инструментализирани од власта

### 2. Дневни весници и неделници

Во првите неколку денови по објавување на случајот Македонска банка, трите весници на МПМ: Дневник, Вест и Утрински весник, не објавија никакви информации за овој случај. Првите написи во овие весници следеа по прес-конференцијата на ВМРО-ДПМНЕ на оваа тема, на 21 април 2014.

На иста линија беше и дневниот весник **Вечер**, кој речиси воопшто не известуваше за случајот. Овој весник главно се обидуваше да ги дефокусира читателите со теми за изборите и можниот бојкот на опозицијата („*Зоран Заев повеќе од јасно свесен дека СДСМ ќе доживее уште еден изборен пораз, во оптек ги пушти бојкотот и уличната демократија.“,* 10.05.2014).

По првичниот молк, **Дневник**, преку цитати и во скусена форма, информираше за прес-конференциите на опозицијата („*Лидерот на опозицискиот СДСМ, Зоран Заев, денеска објави дека против премиерот Никола Груевски е поднесена кривична пријава за, како што вели, побараниот и примениот милионски кеш во случајот Македонска банка. Со тоа, според СДСМ, Груевски направил три тешки кривични дела: противзаконско посредување, примање поткуп и затајување данок.*“,

22.04.2014), но сепак, многу поголем простор им отстапи на претставниците на владејачката партија.

**Утрински весник** со неколку написи се обиде да ја отвори темата за анализа, па покрај информациите од партиите, објавуваше ставови и мислења на јавниот обвинител, стручната јавност и други компетентни лица („*Доколку Јавното обвинителство оцени дека случајот „Македонска банка“ во кој, според СДСМ е вмешан во корупција и премиерот Никола Груевски, навлегува во дела за кои е запретена казна од најмногу до 10 години, не може да преземе гонење, изјави државниот јавен обвинител Марко Зврлевски*“.- 07.05.2014)

Во **Вест**, пак, темата беше покриена со поднаслов „За аферата Македонска банка“ и во првите две недели беа објавени само три текста[13].

**Нова Македонија** беше дел од медиумите кои повремено информираа за случајот Македонска банка, зависно од динамиката на настаните, но на самиот случај не му беше дадено преголемо значење. Беа регистрирани информативни написи во изданијата од 16[14] и 22 април[15], а поинтензивно информирање за него следеше по интервјуто на првиот човек на Владата за МИА[16].

Тонот на информирањето беше главно неутрален и се сведуваше на пренесување на изјавите на главните чинители, без дополнителни новинарски осврти.

**Слободен печат** и **Фокус** одделија значителен дел за овој случај и редовно ги следеа настаните, реакциите и коментарите на оваа тема.

> „*Финансиските афери кои изминатиов период ги обелодени СДСМ, стигнале на дневен ред во обвинителството. На вчерашната прес-конференција, на која државниот обвинител Марко Зврлевски беше планирано да ги запознае новинарите со новата портпаролка на ЈО, се отвора шанса јавноста да дознае до каде е постапката за неколку мега скандали, кои беа топ-теми во изборната кампања. Тоа се случаите „Актор“ и изнесувањето 3,5 милиони евра кеш за кои обвини СДСМ, за продажбата на Македонска банка, за што социјалдемократите поднесоа и кривична пријава за премиерот Никола Груевски, како и за сведоштвото во медиумите на Загорац Тумбовски, кој тврдеше дека исплатил 500.000 евра за ВМРО-ДПМНЕ*[17].“(Слободен печат, 02.05.2014)

> „*Јавниот обвинител, Марко Зврлевски, на денешната прес конференција, потврди дека од пред една недела во рацете на Обвинителството за организиран криминал е кривичната пријава, која СДСМ, ја поднесе за наводната афера „Македонска банка“, со која бараат одговорност од премиерот Никола Груевски за како што обвинуваа, „криминална продажба на Македонска банка“.*

[13] 22.4.2014,СДСМ поднесе кривична пријава за корупција против Груевски, Груевски го тужи Заев за клевета и навреда, 02.5.2014."Македонска банка во предистражна постапка“.
[14] „Заев го повика Груевски да одговори за продажбата на Македонска банка“, 16 април 2014.
[15] „Заев и СДСМ поднесоа кривична пријава против Груевски“, „Јанкулоска: Заев ќе треба да ја докаже автентичноста на снимките за Македонска банка“, 22 април 2014.
[16] „Груевски: Невистина е дека сум зел пари за продажбата на Македонска банка“, 4 јуни 2014.
[17]Слободен печат, 02.5.2014, http://slobodenpecat.mk/Home/Details/3051#sthash.5Webcdci.dpuf

*- По однос на кривичната пријава можам да кажам дека е дадена на работа, односно земена е во анализа, а уште сега не можам да коментирам кои чекори понатаму ќе се преземат, рече обвинителот Зврлевски.“* (*Фокус, 02.*04.2014)

Во нивното известување доминираше критичкиот тон кон власта, а беа регистрирани и повеќе едиторијали и колумни во кои институциите беа повикувани брзо да го расчистат случајот.